Veni Kom

FERMA E PULAVE - ЖИВИНАРСКА ФАРМА

*доoел* с.Челопек, Брвеница

# Интегрирано спречување и контрола на загадувањето

**БАРАЊЕ ЗА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА**

# СОДРЖИНА

I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ........................................................................3
II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ ................................................5
III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА ..........................................................14
IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА .......................................15
V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД....................................................................19
VI ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА ..............................................................21
VII ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА ...................24
VIII ЕМИСИИ ВО ПОЧВА .........................................................................26
IX ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ ..................................27
X БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ.......................28
XI ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ ..31
XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ ..........................................................32
XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ..........33
XIV РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ ........................................................................39
XV РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ.......................................................45

## *I* ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Име на компанијата[1] | Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги ВЕНИ-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек- Брвеница |
| Правен статус | ДООЕЛ |
| Сопственост на компанијата | Приватна |
| Соптвеност на земјиштето | Приватно |
| Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата) | ул. „101" бб Челопек Брвеница |
| Број на вработени | 5 |
| Овластен претставник | Јусуф Зеќири |
| Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[2] | 6.6 Инсталации за интензивно живинарство или за свињарство со капацитет од :<br>а) 5000 до 40 000 места за живина |
| Проектиран капацитет | 25 000 места за живина |

### *I.1* Вид на барањето[3]

Обележете го соодветниот дел

| | |
|---|---|
| Нова инсталација | |
| Постоечка инсталација | ✓ |
| Значителна измена на постоечка инсталација | |
| Престанок со работа | |

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата
[2] Да се внесеат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означишифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно оделени една од друга.
[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

### *I.2 Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола*

| | |
|---|---|
| Име на единицата на локална самоуправа | Општина Брвеница |
| Адреса | Маршал Тито б.б<br>1216 Брвеница |
| Телефон<br>Факс | 044 456 005<br>044 456 015 |

## *II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ*

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадуавњето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

**Одговор:**

### II. 1 Опис на локацијата на инсталацијата

Живинарската фарма ”Вени Ком” дооел Брвеница се наоѓа во атарот на селото Челопек, општина Брвеница. Оддалеченоста на фармата од населените места е следната:

Исток: с.Челопек 2.8км
Запад: с.Брвеница 3км
Север: с.Стримница 5км
Југ: с.Радиовце 5км



Слика бр.1 Живинарска фарма Вени Ком С.Челопек

Самата фарма граничи од сите страни со обработливи земјоделски површини, а најблиски објекти до фармата се бензинска пумпа и млекара кои се наоѓаат на приближно 500м од фармата.

Пристапот до фармата е обезбеден преку локален земјен пат кој се приклучува на регионалниот пат Тетово-с.Челопек. Оддалеченоста на инсталацијата од регионалниот пат е околу 600м.

### II 1.1 Градежни објекти

На локацијата на живинарската фарма се наоѓаат следните објекти:

- Хала 1 (објект за одгледување несилки со капацитет од 15000)
- Хала 2 (објект за одгледување несилки со капацитет од 10000)
- Магацин за сточна храна со млин за подготовка на храна
- Магацин за прием на сточна храна, амбалажа и помошни материјали
- Управни простории со магацин за сортирање и отпрема на готовиот производ (јајца), гардеробер за вработените, кујна и санитарен чвор за вработените
- Бетонски силос за пченка и соја
- Бунар за вода
- Бариера за дезинфекција на возилата

Вкупната површина на живинарската фарма е 17 000 $m^2$. Локацијата е целосно оградена и хортикултурно уредена со дрва, цвеќиња и тревната површина.

Скица на која е прикажана живинарската фарма со објектите е дадена во Прилог II.

### II 1.1.1. Објекти за одгледување на несилки

Несилките во објектите за одгледување се сместени во правоаголен, троспратен, кафезен систем. Во секој кафез се сместени по 4-5 несилки. Кафезите се опремени со нипл систем за напојување со вода, линија за хранење, линија за одведување на јајцата и трака за изѓубрување со воздушно сушење на екскретот.

Објектите се опремени со системи за автоматски подесувана вентилација и автоматски подесувано осветлување. Во поголемиот објект има 5 големи и 5 мали вентилатори, додека во помалиот објект има 5 големи и 2 мали вентилатори. Осветлувањето во просек трае 15 часа дневно. Објектите не се загреваат, а температурата автоматски се регулира и се одржува на 23 $^0$C.

Ѕидовите на халите се изградени од шуплива блок тула. Ѕидовите се малтерисани со продолжен малтер. Подот е бетониран, што овозможува лесно чистење на објектот. Покривањето на кровната конструкција е изведено од салонитни плочи.

Халата е потполни затворена со цел да се избегне контакт на живината со диви птици.

На двата објекта за одгледување на живина е инсталирана водена завеса за подобра вентилација и обезбедување на потребната температура во објектот.



Слика бр. 2 Водена завеса

## II 1.1.2 Магацин за сточна храна со млин за подготовка на храна

Во просторот помеѓу двете хали се наоѓа магацинот за сточна храна. Тука се подготвува храната во соодветен сооднос по однапред одредена рецептура. Пченката се меле во млин и се хомогенизира со останатите состојки во храната во мешалка за сточна храна. Вака подготвената храна се пакува во вреќи и се складира во магацинот за сточна храна.



Слика бр.3 Силос за храна

Со оглед на недостигот на пченка на пазарот, како и цените на истата, во последната година од работењето се набавува готов подготвен концентрат. Поради ваквиот начин на добавување на сточна хран (готов концентрат), нема потреба од мелење на храната во милинот. Храната се складира во магацинот за сточна храна.

### II 1.1.3 Магацин за прием на сточна храна, амбалажа и помошни материјали

На јужната страна од инсталацијата се наоѓа магацинот за прием на сточна храна, амбалажа и помошни материјали. Влезот на магацинот е пристапен за камионите кои вршат испорака на суровините. Во овој магацин се врши прием на соја, сончогледово ќуспе, масло, креда, премикс, вакцини, средства за дезинфекција, хартиени влошки за пакување на јајцата, картонски кутии и т.н. Храната веднаш по приемот се складира во магацинот за сточна храна, т.е. истата не се задржува во магацинот за прием.

### II 1.1.4 Магацин за сортирање и отпрема на готовиот производ (јајца)

Веднаш до магацинот за прием на сточна храна, амбалажа и помошни материјали се наоѓа магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ. Влезот на магацинот е пристапен за возилата кои вршат испорака на готовиот производ до крајните потрошувачи. Во магацинот се наоѓа автоматска машина за сортирање на јајца која ги сортира истите по класи и тоа од најмалата класа-Ема до најголемата класа-Супер Софија.

Во магацинот се наоѓа простор за складирање на селектираните, спакувани јајца подготвени за продажба. Пакувањето на јајцата се врши рачно од страна на вработените.

### II 1.1.5 Гардеробер за вработените, кујна, санитарен чвор

Во просторот помеѓу магацинот за прием на сточна храна, амбалажа и помошни материјали и магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ се наоѓа гардероберот за вработените. Тој служи за пресоблекување на вработените од цивилна во работна облека и обратно.

Во просторот помеѓу магацинот за прием на сточна храна, амбалажа и помошни материјали и магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ се наоѓа и кујната. Во нејзино продолжение се наоѓа санитарниот чвор.

### II 1.1.6 Санитарно фекална јама

За прифаќање на санитарно фекалните отпадни води, како и водите од перење на објектот е изградена санитарно фекална јама со капацитет од 8 $m^3$. Санитарно-фекалната јама е бетонирана, хидро изолирана. Истата

се празни во зависност од потребата, од страна на ЈП „ЕКОФЛОР”-Боговиње.

### II 1.1.7 Бетонски силос за пченка и соја

Во рамките на инсталацијата се наоѓа подземен бетонски силос за пченка и соја со капацитет од 200т. Залихата на пченка и соја од силосот се носи во млинот со цел доведување на пченката и сојата до потребната гранулација.

### II 1.1.8 Бунар за вода

Водата за напојување на живината се добива од сопствен бунар кој се наоѓа на 15м длабочина. Преку систем на цевковод водата се доведува до објектите за одгледување на живина.

### II 1.1.9 Бариера за дезинфекција на возилата

Со цел заштита на јатото од болести и инфекции, на самиот влез во инсталацијата постои бариера за дезинфекција на возилата. Бариерата е во форма на бетонска вдлабнатина исполнета со течност за дезинфекција преку која поминуваат возилата. Како средство за дезинфекција во дезбариерата се користи Виркон С.

### II 1.1.10 Управни простории

Управните простории се наоѓаат над магацинот за прием, гардароберот за вработените, кујната, санитарниот чвор и магацинот за готов производ. Тука се наоѓа канцеларијата на управителот Г-дин Јусуф Зеќири. Управните простории се опремени со сите неопходни уреди за вршење на административни работи и прием на странки.

## II 1.2 Процеси во живинарската фарма

### II 1.2.1 Хранење

Претходно подготвената храна преку полжавест транспортер се внесува во објектите за одгледување на живина. Таму преку систем на бесконечна лента храната пристигнува до кафезите со несилки.

За задоволување на нормативите на исхраната се користи:
-концентрат составен по рецептура
-витамински додаток
-други адитиви

За напојување на живината се користи вода од сопствен бунар. Водата преку цевковод доаѓа до живината која се напојува преку нипл систем.

### II 1.2.2 Собирање и транспорт на јајца

Собирањето на јајца се врши преку лента за собирање на јајцата. Така собраните јајца се транспортираат до магацинот за сортирање.

### II 1.2.3 Изѓубрување

Несилките се одгледуваат во кафези кои се поставени во правоаголна форма по должината на халата. Истите се на три ката, а под секој кат има хоризонтално поставена бесконечна лента која служи за изѓубрување.



Belt-design

Птиците се наоѓаат во кафези, а екскретот се суши до 50 % сува материја. Сув воздух се дува врз површината на екскретот на подвишна лента со што се суши екскретот. Лентите го прифаќаат изметот и го носат до друга лента е попречно поставена на лентите за изѓубрување под кафезите.

Од оваа лента изметот преку транспортен систем (жирафа) се празни во тракторска приколка. Изметот во приколките доаѓа сув заради користењето на метод на суво изѓубрување и како таков се превзема од страна на индивидуални земјоделци за одреден надоместок (Согласно претходно склучен Договор). Изгубрувањето на објектите се врши на секои три дена. Вкупната количина на екскрет од дват објекта изнесува околу 5 т на секои три дена. Превземањето на екскретот од страна на земјоделците се одвива на секои 2-3 дена, по претходна најава.

### II 1.2.4 Заштита на јато (вакцинација)

Новото јато се набавуува веше ваквинирано. Во колку се појави потреба, несилките се вакцинираат преку растворање на вакцините во водата за пиење.

### II 1.2.5 Сортирање на јајцата

За сортирање на јајцата се користи магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ. Јајцата се сортираат автоматски со помош на машина за сортирање. Јајцата се сортираат во класи според тежина и квалитет. Напукнатите и валканите јајца рачно се отстрануваат пред нивното влегување во машината за сортирање. На влез на сортирачката, јајцата поминуваат под UV ламба за антибактериско дејство.



Слика бр. 4 Машина за сортирање на јајца

Сортираните јајца кои се класираат во седум класи според својата тежина рачно се пакуваат во хартиени влошки. Спакуваните јајца се складираат во магацин за складирање на јајца до една недела. Јајцата се чуваат на температура од 18-20 $^{o}$C. Јајцата се транспортираат до крајните потрошувачи со сопствени возила.

### II 1.2.6 Вселување на живината во објектите

Несилките се внесуваат во објектот на секои 14 месеци во претходно припремен објект (претходно исчистен и дезинфициран). Тие се набавуваат како 16 неделни пилиња (јарки) од страна на добавувачи кои ги транспортираат истите во возила за кои е обезбеден сертификат за транспорт на живина, како и посебна ветеринарна дозвола. Возилото со јарките со задниот дел се поставува накај влезот на објектот при што работниците ги растовараат гајбите и ги распоредуваат по кафезите во однапред утврден број. По целосното вселување на живината во објектот, односно полнењето на кафезите, се активираат системите за хранење и поење, а пред тоа и системот за вентилација и климатизација (особено во летниот период).

### II 1.2.7 Постапка со изумрена живина

Во процесот на одгледување на живина се јавува одреден процент на умрена живина, воглавно како резултат на технолошка смртност.
Во објектите за одгледување секојдневно се врши контрола на изумрена живина, а изумрените несилки се изнесуваат надвор од објектите. Истите се закопуваат во јама за изумрена живина со капацитет од околу 5-6000 изумрени несилки. Јамата се наоѓа во кругот на инсталацијата, т.е. на крајната северна граница на локацијата. Изумрената живина се прекрива со земјен слој за да се спречи ширење на непријатни мириси.

### II 1.2.8 Празнење на објектите за одгледување на живина

Терминот за иселување од прв ред зависи од процентот на несивост, при што несивоста опаѓа со староста на кокошките. Опаѓањето на несивоста ја доведува во прашање економската оправданост за одгледување на несилките (трошоците за одгледување ги надминуваат приходите од продажбата на јајца). Затоа живинарската фарма Вени Ком врши промена на јатото на секои 14-15 месеци кога несивоста изнесува околу 78%. Несилките со намалена несивост се продаваат во кланица или на трговци со живина, во зависност од цената.

Процесна шема на активности на живинарска фарма



## *III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА*

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

**Одговор:**

Живинарската фарма "Вени Ком" дооел Брвеница е лоцирана во атарот на селото Челопек, општина Брвеница. Оддалеченоста на фармата од најблиското населено место е 2,8км.

Проектираниот капацитет на фармата изнесува 25 000 места за живина, сите за несилки. Моменталниот капацитет изнесува 25 000 несилки.

Живинарската фарма "Вени Ком" работи 24 часа во денот, 365 дена во годината. Кога се менува јатото, објектите за одгледување несилки не се активни еден месец.

Живинарската фарма нема сертифициран систем за управување со квалитет или управување со животната средина. Во тек е изработка на HCCP план за истата.

Одговорен за прашањата во врска со животната средина е претставникот на претпријатието, сопственикот г-дин Јусуф Зеќири.

## *IV* *СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА*

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓупроизводите.

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба)

| Реф. Бр или | Материјал/ Супстанција(1) | CAS(4) Број | Категорија на опасност(2) | Моментално складирана количина (тони) | Годишна употреба (тони) | R и S фрази(3) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ecocid S<br>Krka<br>Состав:<br>50 g<br>Pentapotassium bis (peroxymonosulpha te ) bis (sulphate) | 70693-62-8 | Не е опасно | / | 2,5 kg | R 36/37/38<br>S 2-22-24-25-26-46 |
| 2. | Sporotal 100 | НП | Не е опасно | 10-20 l | 120 l | НП |
| 3. | Пченка | НП | Не е опасно | 150 | 540 | НП |
| 4. | Соја | НП | Не е опасно | 50 | 270 | НП |
| 5. | Сончоглед | НП | Не е опасно | 30 | 70 | НП |
| 6. | Масло | НП | Не е опасно | 5-6 | 25 | НП |
| 7. | Креда | НП | Не е опасно | 20 | 60 | НП |
| 8. | Премикси | НП | Не е опасно | 40 | 93 | НП |

1. Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.
2. Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на РМ 12/93)
3. Според Анекс 2 од додатокот на упатството
4. Chemical Abstracts Service

### Одговор:

### IV.1 Суровини

Компоненти од кои е составена храната со која се храни живината се:

1. Пченка
2. Соја
3. Сончогледово ќуспе
4. Сточна креда
5. Масло
6. Премикс за кокошки

➢ Премикс за кокошки

Тоа е минерално-витамински дел од храната. Премиксот содржи 1.25% Метионин со хемиска формула $CH_3SCH_2CH_2CH(NH_2)COON$ (А-амино-S-метил тиобутерна киселина). Метионинот е значајна аминокиселина која во својот состав содржи сулфур. Тоа е бела супстанција со плочкаста форма која се раствора во ладна вода, разблажени киселини и алкалии. Метионинот е главен извор на сулфур во белковините и спаѓа во 10-те аминокиселини неопходни за развој на живите организми. Метионинот претставува околу 0.1% од сточната храна, а неговата намена е побрз раст на живината и поголем квалитет на производот.

### IV.2 Набавка, складирање и подготовка на храната

Сточната храна може да се набавува како веќе подготвен концентрат за кој не е потребна понатамошна подготовка, или како поединечни компоненти кои се подготвуваат во млинот за сточна храна.

Во последната година, поради недостигот на пченка на пазарот и високата цена, срочната храна се набавува како готов концентрат.
Храната се доставува со камиони во вреќи на секои 30-40 дена, освен нерафинираното масло кое се набавува во сопствени буриња од 1000l. Сточната храна се складира во силоси и магацин за таа намена.

Доколку компонентите за подготовка на сточна храна се набавуваат поединечно, храната се подготвува во магацинот за сточна храна. Компонентите се мешаат во мешалка по однапред одредена рецептура. Сите компоненти се добиваат во форма погодна за мешање, освен пченката која претходно се меле во млинот. Храната измешана во соодветен сооднос се доведува во објектите за одгледување со помош на полжавест транспортер.

### IV.3 Дистрибуција на вода за напојување и други потреби на живинарската фарма

Инсталацијата се снабдува со механички чиста и биолошки исправна вода за напојување на живината од сопствен бунар на длабочина од 15м. Секој објект за одгледување има сопствен резервоар за вода која се доведува до нив со помош на пумпа. Од резервоарите водата се доведува до кафезите за живина каде што несилките се напојуваат преку нипл систем.

### IV.4 Заштита на јато

По потреба се врши заштита на јато преку вакцинирање на живината и тоа на тој начин што вакцините се раствораат во резервоарите за вода, при што живината се вакцинира преку напојување со вода.

## IV.5 Средства за дезинфекција

Дезинфекцијата има голема улога во производството, одгледувањето и експлоатацијата на здраво и економски исплатливо јато живина и во производството на еколошки здрави консумни јајца. Најголем број на заразни болести кај живината и луѓето се токму од овие фактори против кои треба да се посвети големо внимание истите да бидат благовремено отстранети.

Во зависност од периодот и самите потреби се превземаат дејствија за дезинфекција. Дезинфекција кај објектите за одгледување се врши само при замена на јатото, т.е. еднаш на 14-15 месеци, додека дезинфекција на магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ се врши три пати неделно.

За редовна дезинфекција во рамките на инсталацијата се користат следниве средства:

1. ECOCID S – за дезинфекција на објектите за одгледување на живина
2. Sporotal 100 – за дезинфекција на магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ и за бариерата за дезинфекција

## IV.6 Употреба на енергенси

Енергенси кои се употребуваат на фармата се електрична енергија и во исклучително ретки случаи се користи дизел гориво кое служи како енергенс за агрегатот за струја кој се вклучува во случај на прекин на напојувањето со електрична енергија. Дизел горивото е сместено во резервоар прикачен на самиот агрегат. Агрегатот е сместен на бетонска подлога.




Активности при кои што се врши потрошувачка на електрична енергија се:

- дистрибуција на храна
- дистрибуција на вода за напојување и други потреби

- вентилација на објектите
- осветлување на објектите
- сортирање и пакување на јајцата
- движење на бесконечната лента и жирафата кои служат за изѓубрување
- елктрични апарати во управните простории

Потрошувачката на електрична енергија варира во текот на годината и зависи од климатските услови. Во живинарска фарма каде што не се врши загревање на објектите за одгледување на живина во зима, поголема е потрошувачката на електрична енергија во лето, бидејќи се јавува потреба од зголемена работа на вентилаторите, а со тоа и поголема потрошувачка на електрична енергија.

## IV.7 Управување со готовиот производ (јајца)

Јајцата автоматски се изнесуваат од кафезите со помош на лента и истите се носат до одреден собирен пункт од каде што вработените рачно ги носат до машината за сортирање. После сортирањето, вработените рачно ги пакуваат јајцата по класи во картонска амбалажа. Јајцата се класифицираат по тежина и тоа во седум класи како што налага пазарниот критериум и тоа:

- Супер Софија
- Софија
- Ана
- Берта
- Цезар
- Дора
- Ема

По пакувањето јајцата се складираат се до нивното транспортирање до пазарот.

## *V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД*

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

| Реф. бр | Вид на отпад/материал | Број од Европскиот каталог на отпад | Количина | | Преработка/ одложување | Метод и локација на одложување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина по месец [тони] | Годишна количина [тони] | | |
| 1. | Комунален отпад | 20 03 01 | 0.3 | 3.6 | Одложување | ЈП „ЕКОФЛОР” |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Одговор:**

### V.1 Опис на управувањето со цврст и течен отпад од инсталацијата

### V.1.1 Управување со цврст отпад

**Комунален отпад**

Комуналниот отпад е неопасен отпад што се создава од физичките лица кои работат на живинарската фарма и е отпад сличен на оној од домаќинствата. Комуналниот цврст отпад е во вид на отпадоци од храна, хартија, амбалажа (метална, хартиена, пластична) и други отпадоци.

Комуналниот отпад се собира на едно место и се превзема од страна на јавно комунално претпријатие ЈП ЕКОФЛОР БОГОВИЊЕ.

Договор за превземање на комуналниот отпад е даден во Прилог.

**Отпад од пакување**

Отпадот од пакување е секое пакување или материјал за пакување што се создава од влезните суровини. Како отпад од пакување се јавува:

- Хартиени вреќи од влезни суровини
- Пластична амбалажа од средства за дезинфекција
- Оштетени хартиени влошки за пакување на готовиот производ

Овој отпад се меша со комуналниот отпад и го превзема јавното комунално претпријатие.

### V.1.2 Управување со изметот од живината

Во живинарската фарма „ВЕНИ КОМ” се применува домување со континуирано отстранување на екскретот со воздушно сушење на екскретот. Екскterот од несилките се собира со помош на транспортна лента која се движи под секој кат од кафезите. За време на транспортирањето екскретит се суши до 55% сува материја. Од транспортната лента изметот со жирафа се транспортира до тракторски приколки со зафатнина од 2м$^3$. Дневната количина на измет изнесува околу 1т, што значи дека годишната количина на измет се движи околу 365т.

По полнењето на приколките ѓубривото се превзема од страна на земјоделци за одреден надоместок. Ѓубривото се превзема на секои два дена.

### V.1.3 Управување со течниот отпад

- **Течен отпад од чистење на објектите за одгледување живина и магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ**

Објектите за одгледување живина се чистат еднаш на 14-15 месеци, односно при замена на јатото. Објектите за одгледување на живина механички се чистат, односно се метат за да се отстранат покрупните онечистувања, а потоа се прскаат со вода под притисок. На крај се става од дезинфекционото средство Ecocid S. Средството за дезинфекција не се мие со вода, а со тоа не се јавува како загадувач во отпадната вода. Водата од чистењето на објектите се слева во санитарно-фекална јама. Јамата е со капацитет од 6 m$^3$ , бетонирана, хидроизолирана. Јамата се празни со цистерна.

Магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ се чисти три пати неделно, со цел обезбедување на здрав и безбеден готов производ. За таа цел се користи дезинфекционо средство Sporotal 100. Водата од чистењето на магацинот се слева во санитарно фекалната јама.

- **Отпадна санитарна-фекална вода**

Бидејќи инсталацијата не е приклучена на канализациона мрежа, отпадната санитарно-фекална вода и водата од чистење на објектот се слева во санитарно фекална јама каде што се слева и отпадната вода од чистење и дезинфекција на објектите за одгледување и магацинот за сортирање. Санитарно фекланата јама се празни од страна на ЈП „ЕКОФЛОР”, Боговиње.

Договор за чистење на санитарно фекалната јама е даден во Прилог.

## *VI* ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.
Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. складирање на отворено.

| Извор на емисија | Детали за емисијата | | | | Намалување на загадувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| Референца/бр. на оџак | Висина на оџак [m] | Супстанција /материјал | Масен проток [mg/Nm$^3$] | Проток на воздух [ Nm$^3$/час ] | Тип на филтер/циклон/ скрубер |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.

**НЕ Е ПРИМЕНЛИВО, НЕМА ТОЧКАСТ ИАВОР НА ЕМИСИЈА**

Само за котли со моќност повеќе од 250 kW, малите котли се исклучени.

| | | |
|---|---|---|
| **Капацитет на котелот**<br>Производство на пареа:<br>Термален влез: | **НЕМА ПАРЕН КОТЕЛ**<br>kg/час<br>MW | |
| **Гориво за котелот**<br>Тип: јаглен/нафта/*LPG)/гас/биомаса итн.*<br>Максимален капацитет на согорување<br>Содржина на сулфур: | kg/час<br>% | |
| NOx | mg/Nm$^3$<br>при (0$^o$C. 3% $O_2$(Течност или гас), 6% $O_2$(Цврсто гориво) | |
| Маскимален волумен на емисија | m$^3$/час | |
| Температура | $^o$C(min) | $^o$C(max) |
| Периоди на работа | час/ден | Денови/годишно |

За други големи извори на емисии во производството:

Нормалните услови за температура и притисок се: **0$^o$C, 101.3 kPa**

**Одговор:**

## VI.1 Точкасти извори на емисија во атмосферата

На инсталацијата нема точкасти извори на емисија во атмосферата и нема парни котли.

## VI.2 Емисија во атмосферата од системот за вентилација, техниката за изѓубрување и складирањето на ѓубривото.

Со оглед на природата на дејноста која се врши на локацијата на инсталацијата на живинарската фарма "Вени Ком" дооел Брвеница, во емисија на компоненти во воздухот доминираат материи кои се производ од распаѓање на органските материи и физиолошките процеси на живината. Истите се карактеризираат со непријатна миризба, но нема таква концентрација која би ја надминала максимално дозволената концентрација и максимално дозволеното количество и штетно би влијаеле врз животната средина и природата надвор од границата на локацијата.

Објектите каде се одгледува живината се вентилираат со вентилатори кои ја задоволуваат климатската состојба во халите и условите кои треба да се задоволат за нега на кокошките. Едниот објект има 5 мали и 5 големи вентилатори, додека другиот објект има 2 мали и 5 големи вентилатори.

Како очекувани емисии кои можат да произлезат од објектите за одгледување на живина се амонијак ($NH_3$), метан ($CH_4$), азотни оксиди ($NO_x$), јаглерод диоксид ($CO_2$), сулфур водород ($H_2S$) и др.

Нивоата на емисии во атмосферата од кафезното одгледување на живина се многу мали при често отстранување на ѓубривото. Нивоата на прашината генерално земено се многу пониски, дури и занемарливи при кафезно чување на живината.

Како причина за извор на емисии во атмосферата може да се земе и отвореното одложување на ѓубривото. Одложувањето на ѓубривото (изметот) предизвикува емисии на амонијак, метан и други компоненти кои предизвикуваат загадување на воздухот и појава на непријатна миризба.

На живинарската фарма ВЕНИ КОМ нема одложување на ѓубривото на самата локација, односно истото се превзема од локалните земјоделци, веднаш по изѓубрувањето на објектите, така што можните емисии од одложување на ѓубривото на отворен простор се исклучени.

При кафезното одгледување живина, емисијата на миризба е пониска, но миризбата се намалува и со почесто отстранување на изметот од објектите за одгледување живина.

Миризбата на локацијата на живинарската фарма се емитира од стационарни извори, поточно од вентилацијата на објектите за одгледување на живина и од складирање на екскрет. Емисиите на миризба кои произлегуваат од активностите на живинарската фарма варираат во зависност од температурата, релативната влажност на воздухот, pH на ѓубривото и од други фактори како што се одржувањето на хигиената во просториите за одгледување на живина, составот на изметот и техниките за ракување и складирање на ѓубривото.

Надвор од локацијата на живинарската фарма “Вени Ком” дооел не се чувствува миризба. Земајќи го во предвид фактот дека најблиското населено место се наоѓа на 2,8км оддалеченост од инсталацијата, како и наведените фактори кои влијаат на ширењето на миризбата, активностите кои се одвиваат на локацијата на инсталацијата не предизвикуваат појава на непријатна миризба надвор од инсталацијата.

На локацијата на живинарската фарма “Вени Ком” дооел Брвеница нема таква концентрација на штетни материи кои би ги надминале Максимално Дозволените Концентрации и со тоа штетно би влијаеле на животната средина.

## *VII* ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс II од Додатокот на Упатството.

Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

**Одговор:**

### VII.1 Отпадна вода

Нема емисии во површински води и канализација од живинарската фарма ВЕНИ КОМ, с. Челопек. Инсталацијата не е приклучена на канализациона мрежа, а најблискиот површински реципиент се наоѓа на оддалеченост од околу 700 м, а фармата се наоѓа на земјоделско обработливо земјиште.

Отпадната вода која се создава од активностите на локацијата, не се испушта во површинските води и канализација. Отпадната вода се појавува само при чистење на објектите за одгледување и магацинот за сортирањеи складирање и отпрема на готовиот производ и истата завршува во подземна санитарно фекална јама која се празни со цистерна на ЈП ЕКОФЛОР, Боговиње. (Договор за празнење на санитарно-фекалната јама е дадае во Прилог V).

Санитарно фекалните води се испуштаат во истата септичка јама која се наоѓа на локацијата на инсталацијата.

Од горе наведеното, се заклучува дека инсталацијата нема емисии во површински води и канализација, а со тоа се исклучува и нејзиното влијание врз истите.

Од истите причини, долу дадените табели не се пополнуваат.

Пополнете ја следната табела:

| Параметар | Пред третирање | | | | После третирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на супстанција | Макс. Просек на час [mg/l] | Макс. Дневен просек [mg/l] | kg/ден | kg/год. | Макс. просек на час [mg/l] | Макс. Дневен просек [mg/l] | Вкупно kg/ден | Вкупно kg/год. | Идентитет на реципиентот [6N;6E][1] |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Следените табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем :

______________

| **Параметар** | **Резултати (mg/l)** | | | | **Нормален аналитички опсег** | **Метода/техника на анализа** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Датум** | **Датум** | **Датум** | **Датум** | | |
| **pH** | | | | | | |
| **Температура** | | | | | | |
| **Електрична проводливост µS** | | | | | | |
| **Амониумски азот $NH_4$-N** | | | | | | |
| **Хемиска потрошувачка на кислород** | | | | | | |
| **Биохемиска потрошувачка на кислород** | | | | | | |
| **Растворен кислород $O_2$(р-р)** | | | | | | |
| **Калциум Ca** | | | | | | |
| **Кадмиум Cd** | | | | | | |
| **Хром Cr** | | | | | | |
| **Хлор Cl** | | | | | | |
| **Бакар Cu** | | | | | | |
| **Железо Fe** | | | | | | |
| **Олово Pb** | | | | | | |
| **Магнезиум Mg** | | | | | | |
| **Манган Mn** | | | | | | |
| **Жива Hg** | | | | | | |

[1] Согласно Националниот координатен систем

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем:

____________________

| Параметар | Резултати (мг/л) | | | | Нормален аналитички опсег | Метода/ техника на анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Датум | Датум | Датум | Датум | | |
| **Никел Ni** | | | | | | |
| **Калиум K** | | | | | | |
| **Натриум Na** | | | | | | |
| **Сулфат $SO_4$** | | | | | | |
| **Цинк Zn** | | | | | | |
| **Вкупна базичност (како $CaCO_3$)** | | | | | | |
| **Вкупен органски јаглерод TOC** | | | | | | |
| **Вкупен оксидиран азот TON** | | | | | | |
| **Нитрити $NO_2$** | | | | | | |
| **Нитрати $NO_3$** | | | | | | |
| **Фекални колиформни бактерии во раствор ( /100мл)** | | | | | | |
| **Вкупно бактерии во раствор ( /100ml)** | | | | | | |
| **Фосфати $PO_4$** | | | | | | |

## *VIII* *ЕМИСИИ ВО ПОЧВА*

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата..

Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

### Одговор:

Со оглед на тоа дека изѓубрувањето од објектите се врши во тракторски приколки, а истото се превзема од земјоделците на секои два дена, може да се констатира дека не постои загадување на почвата и подземните води со животински екскрети. Екскретот се апплицира на околните обработливи површини како арско ѓубриво (Договор за превземање на ѓубривото во Прилог IX).

Како единствено одлагање на отпад во почва може да се смета закопувањето на изумрената живина во јама која служи за таа намена. Меѓутоа, бидејќи тоа прашање сеуште не е решено на државно ниво, овој начин на постапување со изумрената живина може да се смета за задоволителен и исправен. Подеталeн опис на постапувањето со изумрената живина е даден во Прилог II.

## *IX* ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. цевно испуштање, резервоари).

| | |
|---|---|
| Идентитет на површината | |
| Вкупна површина (ha) | |
| Корисна површина (ha) | |
| Култура | |
| Побарувачка на Фосфор (kg P/ha) | |
| Количество на мил расфрлена на самата фарма ($m^3$/ha) | |
| Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha) | |
| Волумен што треба да се аплицира ($m^3$/ha) | |
| Аплициран фосфор (kg P/ha) | |
| Вк. количество внесена мил ($m^3$) | |

**Одговор:**

Ѓубривото кое се создава во рамките на инсталацијата се аплицира на околните земјоделски површини.

Апликацијата на ѓубривото на земјоделските површини се извршува со цел зголемување на приносот на засеаните култури. Во зависност од потребата и од земјоделската култура за која се применува ѓубривото, неговата апликација се прави во различни временски периоди. Најчесто ѓубривото се аплицира пред сеидбата на културата.

Расфрлањето на ѓубривото создадено од активностите на живинарската фарма “Вени Ком” дооел Брвеница се изведува на обработливите површини на локалните земјоделци по нивно барање. Ѓубривото од самата локација земјоделците го користат наместо вештачко ѓубриво кое во друг случај треба да се произведе преку хемиски процес. Апликацијата на сувото ферментирано ѓубриво на површината се изведува во зависност од механизацијата која ја поседуваат земјоделците.

Веднаш по изѓубрувањето на објектите ѓубривото се превзема од земјоделците (Договор за деловна соработка е даден во Прилог).

## X БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласностсо локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

| Извор на емисија Референца/бр | Извор/уред | Опрема Референца/ бр. | Интензитет на бучава dB на означена одалеченост | Периоди на емисија [број на часови предпладне./ попладне.] |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Обележете ги референтните точки на локациската мапа и на опкружувањето.

За амбиентални нивоа на бучава:

| Референтни точки: | Национален координатен систем | Нивоа на звучен притисок (dB) | | |
|---|---|---|---|---|
| | (5N, 5E) | $L(A)_{eq}$ | $L(A)_{10}$ | $L(A)_{90}$ |
| Граници на локацијата | | | | |
| Локација 1: | | | | |
| Локација 2: | | | | |
| Локација 3: | | | | |
| Локација 4: | | | | |
| ОСЕТЛИВИ ЛОКАЦИИ | | | | |
| Локација 5: | | | | |
| Локација 6: | | | | |
| Локација 7: | | | | |
| Локација 8: | | | | |

Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина)

**Одговор:**

На локацијата на живинарската фарма"Вени Ком" дооел Брвеница, нема таков извор на бучава кој би влијаел на животната средина надвор од границите на инсталацијата. Земајќи ја во предвид локацијата на инсталацијата која е во рурално подрачје и големата оддалеченост од населените места, сметаме дека нивото на бучава не ги надминува максимално дозволените граници.

Изворите на бучава кај живинарските фарми се поврзани со следниве активности:

- транспорт на живина (утовар-истовар на јато)
- подготовка на сточна храна и ракување со суровини за сточна храна
- процеси на изѓубрување, утовар на цврстото ѓубриво

Потенцијален извор на бучава од активностите кои се одвиваат на живинарската фарма е доставата на живина при вселување на јато. Меѓутоа, оваа активност се извршува еднаш на 14-15 месеци со времетраење на активноста од околу 6-8 часа. Интензитетот на бучавата при извршување на ваквата активност не влијае врз животната средина.

Вообичаена активност при која се создава бучава е доставата на суровини за подготовка на сточна храна. Доставата на сточна храна на локацијата се врши во претпладневните часови на секои 30-40 дена, во зависност од потребата. Времетраењето на оваа активност е околу 2 часа. Сепак, и оваа активност не влијае врз животната средина надвор од границите на локацијата.

Млинот за подготовка на храна се наоѓа во затворена просторија, со што се намалува интензитетот од овој потенцијален извор на бучава. Во последната година од работата на живинарската фарма, се набавува готов подготвен концентрат, со што работата на млинот за подготовка на храна е исклучена.

Незначителна бучава се јавува при утовар на ѓубривото за апликација на почва, но ако се земе во предвид оддалеченоста на локацијата од населените места, како и краткотрајноста на активноста, може да се смета дека оваа емисија на бучава не влијае штетно врз животната средина.

Од опремата која се употребува за извршување на активностите на живинарската фарма, само дел од опремата за изѓубрување се наоѓа на отворен простор. Ова активност е краткотрајна и не предизвикува бучава која би можела штетно да влијае врз животната средина.

Според природата на дејноста и оддалеченоста на живинарската фарма од населено место, нивото на бучава на границата на локацијата е далеку под максимално дозволените граници и нема потреба од спроведување на посебни мерки за спречување на штетната бучава.

На локацијата на живинарската фарма “Вени Ком” дооел Брвеница не се идентификувани извори на вибрации и нејонизирачко зрачење кои влијаат на животната средина надвор од границите на инсталацијата. Во околината на живинарската фарма не постои извор кој ќе врши јонизирачко или нејонизирачко зрачење, што значи дека нема потреба од спроведување на некои мерки кои ќе влијаат врз намалувањето на зрачењето од објектот, што пак повлекува дека нема потреба од спроведување на некоја посебна програм мерка за елиминирање на негативното влијание на зрачењето.

## *XI ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ*

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

Пополнете ја следната табела:

| Параметар | Фрекфенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метод на анализа/техника |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Одговор:**

Месечно се врши мониторинг на потрошувачката на:

- Суровини за подготовка на храна
- Електрична енергија
- Вода

Емисија во атмосфера:

- На локацијата нема парен котел или друг точкаст извор на емисија во воздухот, па затоа и не се врши мониторинг на воздухот.

Емисија во површинска вода/канализација

- Нема емисија во површински води/канализација

Директна емисија во површински води нема. Отпадната вода која се јавува при чистење на објектите за одгледување на живината, како и отпадната вода која се јавува при чистење на магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ се слева во подземна јама изградена за таа намена. Јамата се празни со цистерна (ЈП ЕКОФЛОР, Боговиње) кога ќе се одлучи дека за тоа постои потреба. Според тоа, не е предвиден мониторинг за отпадна вода.

Бучава

- Инсталацијата не произведува континуирана бучава, а најблискиот објект (млекара) е на околу 700 м оддалеченост од фармата. Во случај на жалба, ВЕНИ КОМ ќе изврши мерење на нивото на бучава.

## *XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ*

Операторите кои поднесуваат барање за интегрирана еколошка дозвола приложуваат предлог-програма за подобрување на работата на инсталацијата и заштитата на животната средина.

**Одговор:**

Со Предлог Програмата за подобрување на работата на инсталацијата и заштитата на животната средина, планирано е да се превземат активности за инвестициони вложувања со кои ќе се заштита на животната средина, поефикасно работење, намалување на можните фугитивни емисии при изѓубрувањето, како и намалување на ризиците при појава на хаварини или инцидентни ситуации.

Предлог Програма за подобрување е следна:

| **Реден број** | **Вид на активност** | **Очекувани ефекти** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Уредување на просторот за привремено складирање на екскретот : Покривање и бетонирање на подлогата | - Спречување на излевање на екскрет и течност при поројни дождови<br>-Намалување на фугитивни емисии | крај на 2008 |
| 2. | Оградување на дизел агрегатот со бетонирана и непропустлива ограда | - Спречување на излевање на течно гориво во животната средина при поголема хаварија или инцидент на агрегетот | Крај на 2008 |
| 3. | Изработка на План за против-пожарна заштита | -Задоволување на законски обврски<br>-Намалување на ризик за случување на пожар<br>-Соодветен одговор на инцидентот со соодветна опрема и намалување на последиците врз здравјето и безбедноста на вработените, живината и објектот и животната средина | 2008/2009 |

## *XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ*

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.
Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.
Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

**Одговор:**

### XIII.1 Спречување на несреќи и итно реагирање

### 1. Вовед

Со цел да се идентификуваат можните инциденти и вонредни состојби, изработен е Список на потенцијални инциденти и вонредни состојби како и Преглог мерки за реагирање при инциденти и несреќни случаеви.

Списокот и планот за реагирање не се ограничени само на несреќи од поголеми размери, туку земени се во предвид и истекувања и абнормални ситуации.

Вработените се информирани за можните потенцијални опасности и како да се раегира при истите, со цел што помало негативно влијание да се предизвика врз животната средина и намалување на ризиците.

Во план е изработка на План за противпожарна заштита од овластена куќа, со што ќе бидат опфатени потенцијални опасности од предизвикување на пожар и како да се реагира при истиот.

Набавени се ПП апарати, а вработените ќе бидат соодветно обучени за ракување и одржување на ПП опрема.

### 2. Складирање и управување со суровини, производи и отпад

Податоци за управување со суровини, хемикалии, меѓупроизводи и готови производи се дадени во Прилог IV.

На локацијата на инсталацијата не се складираат големи количества на помошни материјали, како на пример средства за дезинфекција, истите се складираат во посебен магацин со одвод до санитарно фекалната јама. Со ова се исклучува можноста од истекување на некоја хемикалија која би можела негативно да влијае врз животната средина.

Течното гориво за дизел агрегатот се складира во метален резервоар во самиот дизел агрегат, во затворен систем, но во случај на поголем

инцидент, предложено е дизле агрегатот да се оградо со бетониранан ограда која би го спречила и задржала евентуалното истечено течно гориво.

Одложувањето на материјали од комунален отпад се врши во садови за собирање на смет во кругот на локацијата на инсталацијата. Комуналниот смет се превзема од страна на ЈП ЕКОФЛОР, Боговиње. Податоци за управување со отпадот се дадени во Прилог V.

## Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

**Инцидент: Заболување на живина**

**Опис:** Вирусно и епидемиолошко заболување на живината

**Причинител:**

- Контакт со заболени диви птици при транспорт на живина
- Заболена живина внесена во објектот за одгледување

**Инцидент: Загадување на извор (бунар)**

**Опис:** Хемиско и бактериолошко загадување на изворот (бунарот) за вода

**Причинител:**

- Несоодватно одложување на органски отпад
- Неисправен канализационен одвод од санитарните јазли до санитарно фекална јама
- Истекување на течно гориво од дизел агрегат

**Инцидент: Пожар**

**Опис:** Опожарување на објектите за одгледување на живина и на околните објекти

**Причинител:**

- Неисправна електрична инсталација
- Неисправност на дизел агрегат
- Глодари

**Вонредни состојби:**

- Поплава
- Земјотрес
- Саботажа

## Преглог мерки за реагирање при инциденти и несреќни случаеви

**Инцидент:** Заболување на живина

**Можни влијанија врз животната средина:** Загадување на почва и подземни води, опасност по здравјето на вработените

**Превентивни мерки:**

- Спречување на контакт на живината со диви птици
- Редовна контрола и одржување на влез на свеж воздух во објектите за одгледување живина
- Контрола на квалитетот на водата за напојување на живината

**Корективни мерки:**

- Уништување на заболената живина по налог и во соработка со државните надлежни органи и во согласност со законските прописи и регулативи
- Деконтаминација на објектите за одгледување живина
- Деконтаминација на целата локација на живинарската фарма
- Здравствени прегледи на лицата кои биле во контакт со живината со цел спречување на епидемија од поголеми размери

**Инцидент:** Загадување на извор (бунар)

**Можни влијанија врз животната средина:** Хемиско-бактериолошко загадување на подземни води

**Превентивни мерки:**

- Редовна контрола на квалитетот на подземните води
- Соодветно одложување на органскиот отпад

**Корективни мерки:**

- Забрана за употреба на водата од бунарот
- Отстранување на причината за настанување на инцидентот
- Хемиски и микробиолошки анализи на водата од бунарот

**Инцидент:** Пожар

**Можни влијанија врз животната средина:** Загадување на воздух, површински води, почва и подземни води

**Превентивни мерки:**

- Изработка на План за против пожарна заштита

- Редовна контрола на електричната инсталација
- Изолирање и дислокација на запаливите материи складирани во погоните
- Одржување на ПП апарати и хидранти
- Редовна дератизација

**Корективни мерки:**

- Исклучување на доводот на електрична енергија
- Итен повик на службата за ПП заштита
- Редовна контрола на електричната инсталација

**Инцидент:** Поплава

**Можни влијанија врз животната средина:** Загадување на површински води, почва и подземни води

**Превентивни мерки:**

- Редовно пратење на хидрометеоролошката прогноза и дефинирање на начинот на прифаќање на атмосферските води
- Зафаќање и елиминирање на атмосферските води од локацијата
- Контрола на системите за довод и одвод на вода

**Корективни мерки:**

- Постојан контакт на службите за ПП заштита, комуналните претпријатија и службата за информации
- Активно учество при санација на последиците од поплавата во соработка со стручни лица
- Анализа на водата од бунарите и почвата после санацијата

**Инцидент:** Земјотрес

**Можни влијанија врз животната средина:**

**Мерки:**

- Итен повик на службите за ПП заштита и Прва Помош
- Санација на оштетувањата од било кој вид во соработка со стручни екипи
- Редовно превентивно одржување на опремата и инсталацијата

**Инцидент:** Саботажа

**Можни влијанија врз животната средина:** Зависно од видот на инцидентот

**Превентивни мерки:**

- Обезбедување на објектите за одгледување живина

**Надлежности и одговорности:**

| **Поважни телефони** | **Број** |
|---|---|
| Полиција | **192** |
| Противпожарна бригада | **193** |
| Брза помош | **194** |

| **Одговорни лица** | **Име** | **Контакт** |
|---|---|---|
| Раководител на производство | Јусуф Зеќири | 070 263 240 |

Изработил

Јусуф Зеќири

10. 04. 2008,  Брвеница _______________

## *XIV РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ*

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста, вклучувајќи отстранување на сите штетни супстанции.

**Одговор:**

### XIV.1 Вовед

Опис на предложените мерки за минимизирање на влијанието врз животната средина после целосен или делумен престанок на активноста на инсталацијата, живинарската фарма "Вени Ком" дооел Брвеница, е даден во продолжение во прилогот под точка XIV.3, во План за управување со резидуи.

Во кратки црти, **Планот за управување со резидуи** ги опишува активностите кои би се превземале по затворање/престанок со работа на инсталацијата. Зацртаните цели во Планот се дека местото ќе биде напуштено безбедно и целосно ослободено од резидуи кои може да резултираат со загадување на животната средина.

### XIV.2 Локација

Инсталацијата е со вкупна површина од 17000 $m^2$. На инсталацијата се наоѓаат следните објекти:

- Два објекта за одгледување на живина
- Магацин за сортирање и отпрема на готовиот производ
- Магацин за прием на суровини, помошни материјали и амбалажа
- Магацин за складирање и подготовка на храна
- Бетонски силос
- Гардеробер, кујна и санитарен чвор за вработените
- Бариера за дезинфекција
- Бунар за вода
- Управни простории

Во случај на делумен или целосен престанок на дел или на цела инсталација, предложени се мерки во Планот за управување со резидуи со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина.

Области опфатени со Планот за управуање со резидуи се:

- Суровини, помошни материјали, горива, цврст и течен отпад
- Опрема

- Објекти за одгледување живина и други помошни објекти

Во Прилог IV се дадени детали за суровините, помошните материјали, горивата и крајните производи и приближните количини кои се складирани на локацијата.

Детали за видот и количините на отпад се дадени во Прилог V.

## План за управување со резидуи

# *План за управување со резидуи*

## 1. Вовед

Инсталацијата по затворањето/престанокот со работа, ќе ја остави локацијата ослободена од резидуи, во согласност со законите, прописите и законските регулативи ќе ја премести или продаде живината на други лица, ќе ги дислоцира сите објекти, постројки и опрема или сите отпади, материјали или супстанции кои би можеле да имаат влијание врз животната средина, а кои се во сопственост на живинарската фарма”Вени Ком” дооел Брвеница.

Со цел да се одреди чинењето на развојот на Планот за управување со резидуи, направени се бројни претпоставки со оглед на начинот и управувањето со хипотетичкото затворање/престанок со работа на инсталацијата.

Со планот за управување со резидуи се предвидува дека затворањето/престанокот со работа на дел или на цела инсталација би бил познат однапред и складираните количини на суровини, помошни материјали и готови производи би биле исцрпени или сведени на минимум.

## 2. Делумен престанок со работа и повторно активирање

При делумен престанок со работа, се земаат во предвид детали за организацијата, како што се количина на складирани суровини, помошни материјали, производи, опрема која не е во функција, се со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзиниот престанок со работа.

Се претпоставува дека однапред ќе биде познат периодот на престанок со работа, а тоа ќе овозможи суровините и помошните материјали да се исцрпат.

Живината треба да биде префрлена во друга живинарска фарма или да се однесе во кланица, во зависност од возраста на живината и од економската оправданост.

Опремата се проверува и доколку е застарена и неупотреблива се демонтира, а металните делови од кои е направена се вадат и се продаваат како секундарна суровина. Опремата која е во функција се проверува, а доколку по повторното активирање на инсталацијата не е потребна, тогаш се дислоцира онаму каде што е потребна.

Цврстиот отпад од рушење, поправки, како и ископаната земја која не е употреблива ќе се предатад на овластена институција за превземање и постапување со таков вод на отпад.

3. **Контрола на остатоците од материјали на локацијата на инсталацијата**

Дел од материјалите кои не се употребени ќе се вратат на добавувачот, доколку е тоа возможно. Останатите материјали ќе бидат соодветно распоредени. Би се истражувала можноста и начинот за преместување/враќање во нормална состојба/одложување на отпадот. Со цврстиот отпад (опис во Прилог V) ќе се постапува според Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 68/04).

4. **Планирани активности при престанок со работа/повторно започнување**

Со цел осигурување на минималното влијание врз животната средина и ослободување од резидуи од локацијата на инсталацијата, се предлагаат следниве постапки:

- Планирано намалување на капацитетот на производството
- Престанок со работа на целата процесна опрема
- Преместување на сите материјали и крајни производи од местата кои не се сметаат за отпад
- Дислокација на процесната опрема
- Отстранување на цврстото ѓубриво од локацијата и негова соодветна примена

Се предвидуваат фазите кои би се одвивале при ремедијација на локацијата на инсталацијата. Меѓутоа, треба да се земе предвид дека временските рамки за реализација на поединечните фази може да бидат изменети. Поединечните фази вклучуваат:

**Фаза 1:** Намалување на капацитетот на производството.

Престанокот на активноста на инсталацијата би се знаел однапред, со што би се предвидело планирано намалување на капацитетот на производството.

**Фаза 2:** Стопирање на производството.

Запирање на работата на инсталацијата почнувајќи од запирање на производството до крајната фаза - испорака на готови производи до корисниците/потрошувачите.

**фаза 3:** Дислокација на вишокот на резидуи од местото.

Дислокација на складираните помошни материјали, готови производи, вклучувајќи ги резидуите од ѓубривото.

**Фаза 4:** Дислокација на опремата.

Дислокација на опремата која е во функција и на онаа која не е во функција. Опремата и машинеријата кои се во функција, ќе бидат

преместени на соодветна локација за таа намена. Доколку се надвор од функција, во зависност од материјалот од кој се изработени ќе бидат селектирани и продадени како секундарна суровина.
Со искористената неупотреблива електрична и електронска опрема ќе се постапува во согласност со член 71 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 68/04).

**Фаза 5:** Отстранување на насобраното ѓубриво.

Планирано отстранување на ѓубривото и негово превземање од страна на индивидуални земјоделци и негово аплицирање на почва како арско ѓубриво.

## 5. Одржливост и проверка на Планот за управување со резидуи

Во текот на оперативниот живот на инсталацијата, планот за управување со резидуи ќе се преиспитува во зависност од потребите и измените кои се направени на локацијата и сопственоста на локацијата на инсталацијата. Планот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражување за ризиците кои произлегуваат од активностите и од работниот век на инсталацијата.

## 6. Инвестициони вложувања

- Трошоци за преместување на живина
- Трошоци за уривање на објекти
- Трошоци за депонирање на цврст отпад од уривање
- Трошоци за дислокација на опрема
- Уредување на земјиштето

Претпоставка е дека со продажба на употребливата опрема на трети лица, продажба на живината на соодветен купувач (живинарска фарма или кланица), како и со продажба на опремата која не е во функција како секундарна суровина, би се покриле трошоците за реализација на Планот за управување со резидуи.

Брвеница　　　　　　　　　　　　　　　　Одобрил

10. 04. 2008　　　　　　　　　　　　　　　Јусуф Зеќири

## *XV РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ*

На ова место треба да се вметне преглед на целокупното барање без техничките детали. Прегледот треба да ги идентификува сите позначајни влијанија врз животната средина поврзани со изведувањето на активноста/активностите , да ги опише постоечките или предложени мерки за намалување на влијанијата. Овој опис исто така треба да ги посочи и нормалните оперативни часови и денови во неделата на посочената активност.

**Одговор:**

**Резиме без технички детали**

Живинарската фарма ”Вени Ком” дооел Брвеница е лоцирана во атарот на с.Челопек, општина Брвеница. Од најблиското населено место е оддалечена 2,8km.

Живинарската фарма ”Вени Ком” дооел Брвеница работи 24 часа на ден, 365 дена во годината. Кога се менува јатото фармата не е активна еден месец.

Одговорен во врска со прашањата поврзани со животната средина е претставникот на претпријатието, г-дин Јусуф Зеќири.

На локацијата на инсталацијата се наоѓаат следните објекти:

- Два објекта за одгледување живина
- Магацин за сортирање и отпрема на готовиот производ
- Магацин за прием на суровини, помошни материјали и амбалажа
- Магацин за складирање и подготовка на храна
- Бетонски силос
- Гардеробер, кујна и санитарен чвор за вработените
- Бариера за дезинфекција
- Бунар за вода
- Управни простории

На локацијата се наоѓаат два објекта за одгледување несилки. Едниот е со капацитет од 15000 несилки, додека другиот е со капацитет од 10000 несилки. Вкупниот капацитет на фармата е 25000 несилки. Моменталниот капацитет на фармата е 25000 несилки, т.е. во целост е исполнет предвидениот капацитет на фармата.

Вкупната површина на локацијата е 17000 $m^2$. Локацијата е прописно оградена, обезбедена со посебен влез. Просторот на фармата е хортикултурно уреден, со тревнати површини и засадени дрва.

Објектите за одгледување несилки се опремени со:

- кафези (троспратна правоаголна опрема)
- линија за хранење на живината и нипл систем за напојување
- места за сместување јајца
- линија за одведување на јајцата
- траки за изѓубрување

Несилките се одгледуваат во кафези кои се поставени во правоаголна форма по должината на халата. Истите се на три ката, а под секој кат има хоризонтално поставена бесконечна лента која служи за изѓубрување. Лентите го прифаќаат изметот и го носат до друга лента која е попречно поставена на лентите за изѓубрување под кафезите. Од оваа лента, изметот преку транспортен систем (жирафа) се празни во тракторска приколка. Ѓубривото се превзема директно (неферментирано) од страна на земјоделци кои го аплицираат на своите обработливи површини. Изѓубрувањето се врши на секои 2-3 дена.

Објектите се вентилираат со вентилатори кои во целост ги задоволуваат климатските услови во објектите. Објектите не се загреваат. Во поголемиот објект има 5 мали и 5 големи вентилатори, додека во помалиот има 2 мали и 5 големи вентилатори. Од едната страна на објектите се внесува свеж воздух преку систем на водена завеса. Со помош на вентилаторите се изнесува нечистиот воздух надвор од објектите за одгледување живина.

На локацијата се наоѓа магацин за прием на суровини, помошни материјали и амбалажа. Суровините (пченка, соја, сончогледово ќуспе, премикс, креда) не се задржуваат во овој магацин, туку веднаш по приемот се носат во магацинот за складирање и подготовка на храна. Помошните материјали и амбалажата се чуваат во овој магацин.

Магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ служи за сортирање на јајцата на автоматска сортирачка, пакување на јајцата по класи и нивна отпрема. Автоматската сортирачка ги сортира јајцата по класи за кој што основен критериум е тежината на јајцата. Живинарската фарма ги произведува сите класи на јајца, од најмалата Ема, па се до најголемата Супер Софија. Пакувањето се врши рачно од страна на вработените. Јајцата се пакуваат по класи во картонски влошки и картонски кутии. Така спакуваните јајца се чуваат во просторот за складирање се до нивната отпрема со помош на превозни средства до крајните потрошувачи.

Храната се набавува како веќе подготвен концентрат или се подготвува во магацинот за складирање и подготовка на храна. Компонентите во храната се мешаат во определен сооднос според однапред одредена рецептура. Состојките во храната се добиваат однапред подготвени, освен пченката која претходно се меле во млин. Вака подготвената храна се чува во силосот за готов концентрат, а со помош на полжавест транспортер се внесува во објектите за одгледување несилки. Сите компоненти се складирани во вреќи, освен нерафинираното масло кое се

чува во буриња од 1000 l и пченката која се чува во подземен бетонски силос од 200 t.

Компоненти од кои е составена храната се:

- Пченка
- Соја
- Сончогледово ќуспе
- Сточна креда
- Нерафинирано масло
- Премикс за кокошки

Инсталацијата се снабдува со вода од сопствен бунар кој се наоѓа на 15 m длабочина. Од бунарот, преку цевководен систем, водата се внесува во објектите за одгледување каде што несилките се напојуваат преку нипл систем. Водата во бунарот е хемиски и микробиолошки исправна.

За потребите на работниците обезбедени се гардеробер за пресоблекување, кујна и санитарен јазол.

На влезот на локацијата има бариера за дезинфекција. Таа е во форма на вдлабнатина исполнета со дезинфекционо средство Sporotal 100. Нејзината улога е дезинфекција на возилата кои влегуваат во кругот на локацијата.

Управните простории се наоѓаат веднаш над магацините и тие служат за водење на административни работи и прием на странки и гости.

Преселба на јато се случува еднаш на 14-15 месеци, т.е. тогаш кога процентот на несивост е под 78%. Во тој случај трошоците за одгледување го надминуваат приходот од продажбата на јајца. По отстранувањето на старото јато, објектите се чистат и дезинфицираат со средство за дезинфекција Virkon S. Во така подготвен објект се внесуваат нови несилки т.е. 16 неделни јарки кои се набавуваат од добавувачи. Јарките се транспортираат со возила за кои е обезбеден сертификат за транспорт на живина, како и посебна ветеринарна дозвола.

Дезинфекцијата има голема улога во производството, одгледувањето и експлоатацијата на здраво и економски исплатливо јато живина и во производството на еколошки здрави консумни јајца. Најголемиот дел од заразните болести кај живината и човекот се токму од овие фактори против кои треба да се посвети големо внимание истите да бидат благовремено отстранети.

Во зависност од периодот и самите потреби се превземаат дејствија за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

За редовна дезинфекција на објектите за одгледување живина се користи дезинфекционото средство Ecocid S. Дезинфекцијата се врши при замена на јато. Објектите најпрво се метат, па се прскаат со вода под

притисок, а потоа се нанесува средството за дезинфекција. Тоа се нанесува на подот и на ѕидовите на висина до 1м. Потрошувачката на Ecocid S при замена на јато изнесува по 5 l на еден објект, т.е. 10 l за двата објекти.

За дезинфекција на магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ, како и за бариерата за дезинфекција се користи дезинфекционото средство Sporotal 100. Дезинфекција во магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ се врши три пати неделно.

Енергенси кои се употребуваат на живинарската фарма се електрична енергија и дизел гориво за агрегатот за електрична енергија. Активностите за кои се врши потрошувачка на електрична енергија се:

- дистрибуција на храна
- дистрибуција на вода за напојување
- вентилација на објектите
- осветлување на објектите
- сортирање на јајцата
- движење на бесконечната лента и жирафата кои служат за изѓубрување
- електрични апарати во управните простории

Потрошувачката на електрична енергија варира во текот на годината и зависи од климатските услови. За живинарска фарма каде што објектите за одгледување не се загреваат во зимскиот период, поголема е потрошувачката на електрична енергија во летниот период заради подолготрајна работа на вентилаторите, со цел одржување на оптимална температура во објектите.

Со оглед на природата на дејноста на локацијата на живинарската фарма ”Вени Ком” дооел Брвеница, во емисија на компоненти во воздухот доминираат материи кои се производ на распаѓање на органска материја како резултат на физиолошките процеси на живината. Истите се карактеризираат со непријатна миризба, но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијаеле врз животната средина и природата надвор од границата на локацијата.

Како очекувани емисии во атмосферата кои може да произлезат од објектите за одгледување живина се амонијак ($NH_3$), метан ($CH_4$), јаглерод двооксид ($CO_2$), азотни оксиди ($NO_X$), сулфур водород ($H_2S$) и др.

Во Македонија нема лабораторија која би можела да ја измери концентрацијата на овие параметри.

Нивоата на емисии во атмосферата при кафезно одгледување живина со постојано изѓубрување се многу мали.

Надвор од границите на локацијата не се чувствува миризба. Земајќи го предвид фактот за оддалеченоста на живинарската фарма од најблиското населено место (2,8км), како и наведените фактори кои влијаат за ширење на миризбата, активностите кои се одвиваат на локацијата на инсталацијата не предизвикуваат појава на непријатна миризба надвор од границите на инсталацијата.

Од локацијата на инсталацијата не се врши испуштање во површински води. Отпадната вода од миењето на објектите за одгледување, од дезинфекција на магацинот за сортирање и отпрема на готовиот производ и од санитарниот чвор се испушта во јама за таа намена. Јамата се празни со цистерна кога ќе се одлучи дека за тоа постои потреба. Инсталацијата не е приклучена на канализациона мрежа.

Изворите на бучава на живинарската фарма се поврзани со следните активности:

- транспорт на живина
- транспорт на суровини
- подготовка на храна
- хранење на живината
- вентилација на објектите за одгледување живина
- процеси на изѓубрување, товарење на ѓубривото од страна на земјоделците

Вообичаена активност при која се создава бучава е доставата на суровини за подготовка на сточна храна. Доставата на сточна храна на локацијата се врши во претпладневните часови на секои 30-40 дена, во зависност од потребата. Времетраењето на оваа активност е околу 2 часа. Сепак, оваа активност не предизвикува високо ниво на бучава која штетно би влијаела надвор од границата на локацијата.

Според природата на дејноста, нивото на штетна бучава што се емитира од локацијата на живинарската фарма при подготовка на храната (мелење на пченката), хранењето на живината, изѓубрувањето и т.н., не го надминува максимално дозволеното ниво на бучава. Според тоа, не се потребни дополнителни мерки за намалување на влијанието на штетната бучава врз животната средина.

На локацијата на живинарската фарма ”Вени Ком” дооел Брвеница не се идентификувани извори на вибрации и нејонизирачко зрачење кои влијаат на животната средина надвор од границите на инсталацијата. Во околината на живинарската фарма не постои извор на јонизирачко или нејонизирачко зрачење, што значи дека нема потреба од спроведување на некои мерки за намалување на влијанието на зрачењето. Нема потреба од изработка на посебна програм мерка за елиминирање на штетното дејство на вибрациите и нејонизирачкото зрачење.

Ѓубривото од живинарската фарма ”Вени Ком” дооел Брвеница го превземаат земјоделци (договор за превземање на ѓубривото е даден во прилог), кои го аплицираат на земјоделските површини.

Изумрената живина која е резултат на таканаречената технолошка смртност се закопува во сопствена јама за изумрена живина. Јамата е со капацитет од 5-6000 изумрени кокошки. За да се спречи појава на непријатна миризба, изумрената живина секојдневно се прекрива со земјен слој.

Со цел спречување и отстранување на опасностите од настанување на потенцијални инциденти, заштита на вработените, материјалните средства, како и заштита на животната средина од инцидентни емисии, изработени Список на потенцијални инциденти и вонредни состојби како и предлог мерки за реагирање при инцидентни ситуации.

При делумен престанок со работа, се земаат предвид детали за организацијата како што се количина на складирани суровини, помошни материјали, производи, опрема која не е во функција, количините на цврст и течен отпад кои се складирани на локацијата на инсталацијата, со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзиниот престанок со работа.

Изработен е План за управување со резидуи во случај на целосен престанок со работа на инсталацијата "ВЕНИ КОМ" дооел Брвеница.

Планот за управување со резидуи е предвиден за во случај на целосно затворање на инсталацијата и нејзина пренамена, со цел локацијата да се врати безбедна и ослободена од резидуи кои може да резултираат со загадување на животната средина.

Со Планот за управување со резидуи се предвидува дека затворањето/престанокот со работа на дел или на цела инсталација би бил познат однапред и дека складираните количини на суровини, помошни материјали и готови производи би биле целосно исцрпени или сведени на минимум.

Заклучок:
Активностите кои се одвиваат на живинарската фарма "Вени Ком" дооел Брвеница немаат штетно влијание врз животната средина.

## XVI *ИЗЈАВА*

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник бр.53/05) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

**Потпишано од :** ______________________ Датум **:**__________

*(во името на организацијата)*

**Име на потписникот** : ______________________

**Позиција во организацијата :**______________________

*Печат на компанијата:*

# ПРИЛОГ I

## I.1 Копија од судска регистрација

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Решение Р - 1

Број 07-3415/1

24.04 2003 год.

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за Националната класификација на дејностите ("Службен весник на РМ", број 7/98) Директорот на Државниот завод за статистика на Република Македонија донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ СПОРЕД ПРЕТЕЖНАТА ДЕЈНОСТ**

**1. Деловниот субјект:** Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги ВЕНИ-КОМ ДООЕЛ експорт - импорт

**- со седиште во**

Населено место с. Челопек Општина Брвеница

Улица ______ Куќен број ______

**- според претежната дејност се распределува во**

Одгледување на живина

(назив на дејноста според НКД)

шифра 01.24

**2. За деловниот субјект од точка 1 од ова Решение се утврдуваат и следните податоци:**

**Број на деловниот субјект (БДС)** 5750806

**Облик на организирање (шифра)** 05.4

**Сопственост** приватна

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:***

*Деловниот субјект од точка 1 од диспозитивот на ова Решение на ден* 24.04.2003 *поднесе Пријава за распределување по дејност според НКД.*

*По разгледувањето на Пријавата и документите што беа приложени, во согласност со одредбите од Законот и Одлуката за НКД одлучено е како во диспозитивот.*

***Правна поука:***

*Против ова Решение деловниот субјект има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Комисијата на Владата на Република Македонија преку Државниот завод за статистика на Република Македонија.*

*Раководител на сектор*

(М.П.)

| Фирма и седиште на субјектот на уписот | Друштво за производство,транспорт,трговија и услуги ВЕНИ-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт,с.Челопек-Брвеница |
|---|---|

| Основен суд ______ во Скопје | Број на регистарската влошка на регистарскиот суд | |
|---|---|---|

## ЗАВЕРЕНИ ПОТПИСИ НА ЛИЦАТА ОВЛАСТЕНИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

| Реден број | Презиме и име | Своерачен потпис |
|---|---|---|
| 1. | ЈУСУФ ЗЕЌИРИ | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |

Се потврдува дека именуваните своерачно ја потпишале оваа исправа. Идентичноста на именуваните е утврдена врз основа на:

| Реден број | Презиме и име | Број на лична карта издадена од: |
|---|---|---|
| 1. | ЈУСУФ ЗЕЌИРИ | лк.567591 |
| 2. | | мб.0108976470031 |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |

Таксата за заверување од денари ______ е наплатена и поништена на молбата за заверување

Основен суд ______ во ______ Овластен работник,

на ден ______ год. ______

Образец бр. 23

**Заверен потпис на лицето овластено за застапување**

ЌИЕ ЈОВАНОВСКИ

Јас, НОТАР, ТЕТОВО

(име, презиме и седиште)

потврдувам дека Јусуф(Џ) Зеќири

с. Пепељани

(име, презиме, занимање и адреса)

пред мое присуство своерачно го потпиша писменото - стави свој ракознак на него - го призна потписот за свој - ракознакот на писменото како свој.

Идентитетот на подносителот на исправата го утврдив самиот:

врз основа на лична карта или пасош

лк бр 367591 УВР Тетово

(број на лична карта, или пасош и орган кој го издал)

со сведоци /

(име и презиме на сведоците)

/

(броеви на нивните лични карти или пасоши)

лично познат.

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Нотарската такса за заверка по тарифен број од 10

од Законот ЗА СТ

(да се наведе прописот)

во износ од 100,00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член / од Законот /

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од 100,00 денари, и трошоци / денари.

Бр. УЗП 2145/03 ... 2003 НОТАР,

Во Тетово

трег.бр.1581/03

Основен суд Скопје I во Скопје како регистарски суд, според судијата поединец Злата Стамболиска - Основа е на трговско друштво како ДООЕЛ согласно чл.109 ст.2 чл.110 ст.2 чл.126 и 518 од ЗТД (сл в. на РМ 23/96) а в.з. со чл.25 ст.1 и 3

согласно чл. 01 од Правилникот за трговски регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар во предметот (сл.в на РМ ./97) и чл.1 од Законот за изменување и дополнување на

на уписот на 18.04.2003 донесе

ЗТД (сл.в на РМ 63/98)

## РЕШЕНИЕ

Во трговскиот регистар на регистарскиот суд да се запише: Основање на :

Друштво за производство , транспорт , трговија и услуги

В НИ-КОМ ДООЕЛ експорт импорт с.Челопек - Брвеница

со податоците наведени во прилозите број 1.2.3.4.5.6.7 кои се составен дел на ова решение

Основен суд Скопје I во Скопје

на ден 18.04.2003 година

Против ова решение заинтересираната страна може да изјави жалба до надлежниот Апелационен суд во ______ преку овој суд, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението за упис.

Должната такса по Законот за судски такси во износ од 2.500,00 денари платени во таксени марки и уредно поништена, односно уплатена жиро сметка бр. ______

020511187- 8-03-000

ВЕРНО СО ОРИГИНАЛОТ

Овласт. Судија,
Злата Стамболиска

4. Препис на решението за упис

Образец бр. 4
Препис на решение за упис во трговскиот регистар

Македонија Биро - Скопје

П.Трег.3798/04

Основен суд Скопје I во Скопје како регистарски суд според судијата

поединец Злата Стамболиска,Зголемување на основна главнина,усогласување на дејностите со ЗТД,промена на управител и запишување на одлука за измена на изјава за основање,согласно со чл.62 ст.2,253 ст.2, 256,259 в.в. со чл.90 ст.4 и 97 ст.1 од ЗТД(сл.в.на РМ 28/04)

согласно чл. ____ од Правилникот за трговски регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар во предметот

на уписот на 18.04.2005 донесе

**РЕШЕНИЕ**

Во трговскиот регистар на регистарскиот суд да се запише Зголемување на основна главнина,усогласување на дејностите со ЗТД,промена на управител, и запишување на одлука бр.01-1/2 од 14.12.2004 за измена на изјава за основање на:

Друштво за производство,транспорт, трговија и услуги

ВЕНИ-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек,Брвеница

со податоците наведени во прилозите број 2,3,6,7,14 кои се составен дел на ова решение

Основен суд Скопје I во Скопје

на ден 18.04.2005 година

Против ова решение заинтересираната страна може да изјави жалба до надлежниот Апелационен суд во ____ преку овој суд, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението за упис

Должната такса по Законот за судски такси во износ од 2500,00 денари платена во таксени марки и уредно поништена, односно уплатена на жиро сметка бр. ____

020511187-8-03-000

ВЕРНО СО ОРИГИНАЛОТ

Судија

Злата Стамболиска

АА

4. Препис на решението за упис

Образец бр. 4

**Препис на решението за упис во трговскиот регистар**

| Фирма и седиште на субјектот на уписот | Друштво за производство,транспорт,трговија и услуги **ВЕНИ-КОМ** ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек-Брвеница | Прилог кон преписот на решението за упис број | **1** |
|---|---|---|---|

| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | 020511187 8-03-000 |
|---|---|

| Датум на уписот | Ознака и број на решението | Број на уписот | Назив на судот |
|---|---|---|---|
| 18.04.2003 | трег.б 1581/03 | 1 | Основен суд Скопје I |

Врз основа на решението за упис на регистарскиот суд е извршен упис во трговскиот регистар Основање на трговско друштво како ДООЕЛ со следните податоци:

**1.** Фирма и седиште на друштвото или на друг субјект на уписот

Друштво за производство,транспорт,трговија
и услуги **ВЕНИ-КОМ** ДООЕЛ
експорт-импорт с.Челопек-Брвеница

Скратен назив: **ВЕНИ-КОМ** ДООЕЛ
експорт-импорт с.Челопек-Брвеница

**2.** Други уписи

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I
Република Македонија
Овластено лице
СКОПЈЕ

ВЕРНО СО ОРИГИНАЛОТ Судија,
Стамболиска

Следува продолжение број: | 4. Прилог кон преписот на решението за упис

Овластеното лице го потпишува само прилогот кон пријавата за упис, а судијата прилогот кон решението за упис и регистарскиот лист.
Образец бр. 5
**Прилог кон преписот на решението за упис број 1**

Македонија Биро - Скопје

| Фирма и седиште на субјектот на уписот | Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги ВЕНИ-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек, Брвеница | Прилог кон преписот на решението за упис број | 2 |
|---|---|---|---|

| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | 020511187-8-03-000<br>П.Трег.3798/04 од 18.04.2005 |
|---|---|

Врз основа на решението за упис на регистарскиот суд е извршен упис во трговскиот регистар

Зголемување осн.главнина и промена управител со следните податоци:

| Ред. број | Назив и седиште на основачот односно живеалиште на вложувачот | Број и датум на актот за основање | Датум на пристапувањето |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ЈУСУФ ЗЕКИРИ, с.Челопек, Брвеница л.к.бр.367591 УВР-Тетово ЕМБГ:0108976470031 | Изјава за основање 2.04.2003 г. Одлука и проценка 27.11.2004 г. | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |

Македонија Биро - Скопје

Овластеното лице го потпишува само прилогот кон пријавата за упис, а судијата прилогот кон решението за упис и регистарскиот лист

Образец бр. 6

**Прилог кон преписот на решението за упис број 2**

**4. Прилог кон преписот на решението за упис**

| Ред. број | Вкупен износ на средствата на основачот и на секој вложувач | Вид и обем на одговорноста за обврските на субјектот на уписот поднесување на ризик на основачот | Датум на иступувањето |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | - 1.882.500,оо денари, или 30.640 ЕУР | Не одговара | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |

ВЕРНО СО ОРИГИНАЛОТ

Судија,

Злата Стамболиска

Следува продолжение број:

Овластеното лице го потпишува само прилогот кон пријавата за упис, а судијата прилогот кон решението за упис и регистарскиот лист

**4. Прилог кон преписот на решението за упис**

| Фирма и седиште на субјектот на уписот | Друштво за производство транспорт трговија и услуги ВЕНИ-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек,Брвеница | Прилог кон преписот на решението за упис број | 3 |
|---|---|---|---|

| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | 02051187-8-03-000 |
|---|---|

| Датум на уписот | Ознака и број на решението | Број на уписот | Назив на судот |
|---|---|---|---|
| 18.04.2005 | П.Трег.3798/04 | 2 | Основен суд Скопје I |

Врз основа на решението за упис на регистарскиот суд е извршен упис во трговскиот регистар
Усогласување,зголемување осн.влог и пром.управител со следните податоци

1. Дејности односно работи на субјектот на уписот чија фирма е наведена во прилогот кон преписот на решението за упис број 1

01. -Земјоделство,лов и соответни услужни активности
01.1-Одгледување посеви и насади,производство на семе и саден материјал и земјоделски р стенија
01.2-Одгледување на животни
01.4-Земјоделски услуги и услуги во одгледувањето животни,освен ветеринарни услуги
02. -Одгледување на шуми,користење на шуми и соответни услужни активности
02.0-Одгледување на шуми,користење на шуми и соответни усл.активн.
15. -Производство на прехрамбени производи,пијалоци и тутун
15.1-Производство,преработка и конзервирање на месо и производи од месо
15.5-Производство на млечни производи
15.8-Производство на др.прехрамбени производи
15.9-Производство на пијалоци
18. -Производство на предмети за облека:доработка и боење крзно
18.2-Производство на др.предмети и прибори за облека
19. -Штавење и доработка на кожа,производство на куфери:рачни торби,седла,сарачки производи и обувки
19.1-Штавење и доработка на кожа
